**ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ВО ВРСКА СО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГА ЗА КУПУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ПОВЛАСТЕНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ШТО КОРИСТАТ ПРЕМИЈА**

1. **Прашање:**

Колку ќе изнесува гаранцијата на понудата, бидејќи согласно јавниот оглас истата е во висина од 50.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија, додека во самата тендерска документација висината на гаранцијата на понудата изнесува 35.000 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на објавување на огласот.

**Одговор:**

Во јавниот оглас направена е техничка грешка.

Во согласност со точка 4.6.3 од тендерската документација висината на гаранцијата на понудата изнесува 35.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на објавување на огласот.

2. **Прашање:**

Во кој момент треба да се достави гаранцијава бидејки не е јасно кога ке биде отворен тендерот во платформата.Незнаејки кога ке биде отворена платформата и кога во кое време се доставува „bid security“ е нејасно за нас.

**Одговор:**

Доставувањето на Гаранцијата на понудата е образложено во точка 4.6 од тендерската документација при што јасно е наведено на кој начин и како се доставува предметната гаранција, односно според:

- точка 4.6.1 Како дел од понудата економскиот оператор задолжително обезбедува гаранција на понудата во форма на банкарска гаранција, која што е неотповиклива, безусловна, без право на приговор и наплатлива на прв повик. За договорниот орган се прифатливи сите гаранции издадени од било која банка
- точка 4.6.4 Гаранцијата на понудата се доставува заедно со понудата и не може дополнително да се достави по истекот на рокот за поднесување на понудите

3. **Прашање:**

Второ прашање доколку се осврнеме на точката 1,5,2 подразбираме предквалификациона фаза ке се одвива на 25,09,2019 значи доставување на документи за предквалификација односно фазата на доставување на понуди ке се одвива во моментот на отворање на платформата за

тендерирање односно доставување на понудите по ел аукција. Треба да се достави и финансискта понуда (III. BID FORM) во моментот на отворање на платформата.

Одговор:

Во согласност со точка 1.5.1 од Тендерската документација договорот се доделува со примена на отворена постапка, која завршува со електронска аукција во последната фаза. Отворената постапка се спроведува во една фаза и нема претквалификација на понудувачите. Е-аукција не е посебна фаза, туку дел од евалуацијата на понудите.

Предмет на електронската аукција е рабатот изразен во процент кој претставува однос помеѓу цената по која купувачот во краен случај ќе ја купува електричната енергија произведена од ППП и референтната цена. Но, понудувачот рабатот го искажува уште во делот III.1.5 од Образецот на понудата, а пополнетиот Образец на понудата е составен дел од понудата и се доставува со понудата, што е пред закажување на електронската аукција.

4. **Прашање:**

Ние многу јасно постапката ке ве замолиме за разјаснување подетално за постапкава и времето кога ке се одвива како и постапкава која ке го аплицира министерството како и листава на документи кои треба да се достават во секоја фаза и постапка.

**Одговор:**

Понудата се доставува во согласност со точка 4.7 од тендерската документација Форма и начин на доставување на понудата и придружната документација.

Во точка 4.1 јасно е дефинирано што треба да содржи понудата, односно истата треба да биде подготвена врз основа на оригиналната тендерска документација во писмена форма и се состои од следните елементи:

- пополнет образец на понуда содржан во тендерската документација;
- докази дека не постојат причини за исклучување од постапката од точка 2.2.2 од тендерската документација;
- документи за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност наведен во точка 2.3.1 од тендерската документација;
- докази за утврдување на економска и финансиска состојба наведени во точка 2.3.2.2;
- докази за утврдување на техничката и професионалната способност наведени во точка 2.3.3.2 од тендерската документација;
- гаранција на понудата од точка 4.6;
- парафиран договор за обезбедување на услуга за купување на електрична енергија произведена од повластени производители на електрична енергија коишто користат премија
- документи означени како деловна тајна, ако има доверливи информации

5. **Прашање:**

Колку треба да бидат стари документите и на кој јазик треба да се достават за операторите од странство.

**Одговор:**

Согласно точка 2.2.6 Документите од потточка 2.2.2 не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите station наназад.

Согласно точка 4.2 Јазик на понудата Понудата, документите поврзани со понудата како и целата кореспонденција е на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо.

Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со превод на македонски јазик

6. **Прашање:**

Некои од док не се издаваат од стрнскиве власти како пример потврда од регистарот на глоби.Како се постапува во такви случаи во Косово се издава потврда од Суд дека не им се изречени правосилни казни односно не се под стечај или ликвдиација дали ова ке биде прифатена од вача страна.

**Одговор:**Документите со кои понудувачот докажува дека не постојат причини за исклучување од постапката должен е да ги достави економскиот оператор којима право на учество во постапката, а согласно точка 1.7 тоа се:1. домашно правно лице на кое што му е издадена лиценца за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија,односно трговија со електрична енергија или 2. подружница на странско лице организирана во Република Северна Македонија на коешто согласно член 40 од Законот за енергетика му е издадено решение за упис во Регистарот на странски трговци и снабдувачи со електрична енергијаи природен гас кои што можат да вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија.
Со оглед дека подружницата на странско лице се запишува во Централниот регистар на Република Северна Македонија, сите документи коишто економскиот оператор, вклучително и подружница на странско лице организирана во Република Северна Македонија, треба да ги достави кон понудата за докажување дека не постојат причини за исклучување од постапката ги издава Централниот регистар на Република Северна Македонија и други надлежни органи во Република Северна Македонија.

7. **Прашање:**

Во тендерската док нема одреден формат од ваша страна дали ја прифакате форматот што го издава банката.За фирмите што работат надвор од Република Северна Македонија дали може да доставуваат гаранциа од Банка со која соработува во евра.

**Одговор:**Согласно точката 4.6.1 од тендерската документација како дел од понудата економскиот оператор задолжително обезбедува гаранција на понудата во форма на банкарска гаранција, која што е неотповиклива, безусловна, без право на приговор и наплатлива на прв повик. За договорниот орган се прифатливи сите гаранции издадени од

било која банка, што гласат на износ од 35,000 евраво денарска противвредност, а доколку гаранцијате е издадена од странска банка тогаш валутата може да биде евра.

8. **Прашање:**

Потврда дека не му била изречена опомена пред суспензија или одлука за суспензија од учество на пазарот на електрична енергија издадена од операторот на пазарот на електрична енергија

**Одговор:** Потврда дека не му била изречена опомена пред суспензија или одлука за суспензија од учество на пазарот на електрична енергија издава операторот на пазарот на електрична енергија, при што треба да се има предвид дека во моментот на објавувањето на јавниот оглас, функцијата оператор на пазар на елетрична енергија ја врши АД МЕПСО Скопје.